ВЕСНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЈАНУАРИ – МАРТ 2021

# ГАЗИ БАБА



## ООУ ВЕРА ЈОЦИЌ ДОБИ НОВА СПОРТСКА САЛА

## ДАЛИ ЗНАЕВТЕ ДЕКА:

*АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТ ТУМБА МАЏАРИ*

*ЦРКВА СВЕТИ СПАС ВО РАШТАК*

### Наши Таленти - Интервју

## *ТЕАТАРОТ Е МОЈОТ ВИСТИНСКИ ДОМ*

*Интервју со Изабела Јованова, студент на ФДУ и млад европски амбасадор*

### Наши Таленти

*АЛЕКСАНДАР ИЛИЕВСКИ*

## *МЛАД ПЛИВАЧ СО ИЗВОНРЕДНИ РЕЗУЛТАТИ*

## УСПЕШНИ БИЗНИС ПРИКАЗНИ

*East Gate Mall – НОВОТО СРЦЕ НА СКОПЈЕ*



**ОГБ *info***

*ООУ ВЕРА ЈОЦИЌ ДОБИ НОВА СПОРТСКА САЛА*

*ОБЕЗБЕДИВМЕ 910 ТАБЛЕТ УРЕДИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД РАНЛИВИТЕ СЕМЕЈСТВА*

# НОВ ПОИНТЕРЕСЕН КОНЦЕПТ ЗА ВЕСНИКОТ ГАЗИ БАБА



Заедно со мојот тим се обидовме да ви понудиме еден нов, по интересен концепт за весникот Гази Баба. Преку воведување на нови рубрики и теми, нови дизајни, со цел овој весник да биде прифатен од секој читател.

Ова е прво мое обраќање за весникот на Гази Баба во овој нов концепт и се надевам дека ќе ви се допадне. Минатата и оваа година, поради пандемијата како општина решивме средствата за печатење на весникот да ги пренасочиме во фондот за заштита од коронавирусот, односно во дезинфекциони средства за училиштата и детските градинки. Токму затоа овој, но и следните броеви од весникот Гази Баба ќе излегуваат во електронска форма, достапни на веб страната www.gazibaba.gov.mk.

Весникот на општина Гази Баба е збогатен со нови содржини и теми во кои ќе бидат презентирани не само активностите на општината, туку и успешните приказни од нашата општина, нашите успешни и талентирани ученици, спортисти, актери.

Во новата рубрика „На тема" ќе ги слушнеме мислењата на членовите од Советот на општината. Преку рубриката „Дали знаевте дека" и „Убавините на Гази Баба" ќе ги запознаваме убавините и културните знаменитости на нашата преубава општина Гази Баба.

Годинава повторно сме соочени со предизвикот во борба со коронавирусот. Јасно ми е дека веќе на сите ни здосади носењето маски, ограничувањето на движењето, но тие мерки се за наше колективно добро и мораме да ги почитуваме. Започна и процесот на вакцинација, нешто што не заштитува од овој вирус. Затоа потребно е секој од нас да ја исполни својата лична обврска и да се вакцинира.

Пандемијата не натера и ние како општина да ја прилагодиме работата на новите услови со кој се соочивме. Па така отворениот ден за средби со граѓаните го активираме повторно, овој пат преку електронските алатки за комуникација. Целта е да ги слушнеме и решиме вашите проблеми и прашања, да ги слушнеме предлозите и во рамки на можностите истите да бидат спроведени.

*Ваш,*
*Борис Георгиевски*

*@boris.georgievski*

*gradonacalnik@gazibaba.gov.mk*

*boris_georgievski*

*www.gazibaba.gov.mk*





ОГБ info





# ООУ ВЕРА ЈОЦИЌ ДОБИ НОВА СПОРТСКА САЛА



Учениците од ООУ „Вера Јоциќ" повеќе нема да вежбаат во училишниот хол. Новата современа спортска сала им ги нуди сите услови за одржување на часовите по физичко воспитување.

Градоначалникот Борис Георгиевски заедно со претседателот на Владата, Зоран Заев пред речиси 1 година ја отворија новата зграда на ова училиште, а неодамна и официјално го означија почетокот со работа на училишната спортска сала.

Старата сала беше целосно оштетена и небезбедна за учениците, а тие наставата по физичко со години ја одржуваа во училишниот хол, а со новата училишна сала учениците добиваат модерни услови за спортување.

Георгиевски изјави дека посветено се работи сите училиштата во општина Гази Баба да имаат спортска сала. Веќе започна изградбата на салата во училиштето „Кирил и Методиј", а следува и „ООУ Наум Охридски".

Новата училишна спортска сала во ООУ „Вера Јоциќ" е на површина од 650 метри квадратни и е комплетно опремена. Има спортска опрема, реквизити, соблекувални со санитарни јазли и туш кабини. Ова е енергетски ефикасен објект, поврзан и на тополоводната мрежа.

# АД ЕСМ ЌЕ ВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ТОПЛОВОД ЗА НАД 1200 ДОМАЌИНСТВА



Васко Ковачевски, директор на АД ЕСМ, оствари средба со градоначалникот Борис Георгиевски на која беше презентиран планот за проширување на топловодното греење во општина Гази Баба.

Овој план опфаќа проширување на топловодот кон населбите Хиподром и Хиподром 2, каде се опфатени повеќе од 1200 домаќинства. Проширување на топловодната линија е предвидена и во населбите Железара, Автокоманда, Триангла и Маџари, за што АД ЕСМ веќе работи на подготовка на проектната документација.

Со години наназад, не беше вложувано во топловодната мрежа за Гази Баба и истата не била никогаш продолжена. Со овој план за продолжување на мрежата и приклучок на домаќинствата и јавните објекти на долг рок, вложуваме и придонесуваме да се намалат корисниците на дрва или нафта за затоплување, а со тоа да имаме и почист воздух во нашата општина.

# ПОСВЕТЕНО СЕ ВЛОЖУВАМЕ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЖИВОТОТ ВО ОПШТИНАТА ГАЗИ БАБА



***За комуникацијата и потребите на граѓаните, активностите кои претстојат, но и негова оценка за развојот на општината денес, во рубриката На тема разговаравме со членот на Советот во општина Гази Баба, Мартин Ристов***

***Дали може да направите споредба во развојот на општина Гази Баба од пред четири години и сега?***

Состојбата во која ја затекнавме општината пред четири години е позната на целата јавност. Општината беше соочена со долг од 2 милиони евра, кој сега е сведен на тековни расход.

Изминативе години се трудевме да ги подобриме условите во повеќе сфери, по приоритети. Со поддршка на владата изградивме целосно нова училишна зграда како дел од ООУ Вера Јоциќ, во Хиподром и целосно нова спортска сала. Особно сум горд на овие вложувања бидејќи се во населеното место од каде што и потекнувам.

Дневниот центар за деца со посебни потреби, кој е во фаза на изградба во населба Железара е инвестиција од сериозно значење за овие наши граѓани. Изградбата на новата градинка во н.м. Стајковци е веќе во завршна фаза и во скоро ќе започне со работа. Заедно со МОН се прават максимални напори за изградба на уште едно училиште во нашата општина, како и комплетно нова детска градинка во Керамидница.

Очекувам да отпочнат процесите за поставување на лед осветлување низ целата општина кое ќе донесе сериозни заштеди на средства кои ќе се инвестираат во други проекти.

Свесен сум дека очекувањата на граѓаните се поголеми, дека не е доволно и треба уште многу да се работи како би го унапредиле квалитетот на живот. Се надевам ќе имаме можност да покажеме и да ги спроведеме сите наши замисли и во наредните години.

***Колку често граѓаните контактираат со Вас и на што најповеќе се однесуваат нивните барања?***

Мојата примарна должност е да сум тука за граѓаните во секое време. Секогаш достапен на мојот телефонски број 072 238 191, мојата Фејзбук фан страница исто така е отворена за сугестии, прашања, критики и пофалби на која и редовно информирам. Достапен сум и на мојот приватен Фејзбук профил и мојата имејл адреса.

Пандемија ги ограничи можностите за помасовни средби со граѓаните, но се трудиме постојано да ги унапредуваме алтернативните канали за комуникација.

Приоритетните барања се однесуваат на инфраструктурните проблеми со кои секојдневно и се соочуваме.

***На кој начин Вие како советник можете да излезете во пресрет на барањата на граѓаните?***

Како советник заедно со останатите 26 мои колеги учествувам во носење одлуки во советот во интерес на граѓаните.

Учествувам во решавање на проблемите во смисла на линк помеѓу граѓаните и службите за да се завршат работите доследно, поднесување на предлози и амандмани согласно потребите на сите граѓани кои се на прво место.

Максимално се трудам и вложувам во континуирана заедничка комуникација бидејќи само заедно можеме да ги подобруваме работите и решаваме проблемите.

***Колку советничките прашања имаат значајна улога во успешната комуникација помеѓу градоначалникот и советниците?***

Советничките прашања не се единствената комуникација, но присутни се, ги има. Има можности за предлози, измени на дневен ред, амандмани и средби.

Работиме на уште поголема транспарентност, поголема комуникација и решавање на проблемите на граѓаните. Очекувам спроведување на активности кои значат следење во живо на седниците на советот со што одблиску граѓаните ќе ја следат работата на народните избраници во нашата Гази Баба.





## ГРАДИНКАТА „ДЕТСКА РАДОСТ“ ДОБИВА НОВА ЦЕНТРАЛНА КУЈНА



Во градинката „Детска радост", се одвиваат градежните активности за изградба на новата централна кујна, која е сместена во објектот Калинка. Реконструкцијата опфаќа набавка и поставување на нова опрема задоволувајќи ги сите ХАСАП стандарди за квалитет.

Извршена ќе биде и целосна реконструкција на објектот од кујната и негово проширување, како и замена на одводниот и водоводниот систем до кујната. Проектот предвидува и поставување на сончеви панели, со што овој објект станува енергетски ефикасен.

Покрај централната кујна во објектот Калинка се предвидува да се опреми и простор во кој ќе биде сместена и централната перална за детската градинка „Детска радост".



## ГЕОРГИЕВСКИ И МАКРАДУЛИ ЗАЕДНО ЌЕ ГИ ПОДОБРУВААТ УСЛОВИТЕ НА ПОШТА ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

Градоначалникот Борис Георгиевски се сретна со директорот на АД Пошта на Северна Македонија, Јани Макрадули. На средбата разговараа за зајакнување на услугите на поштата во општината, откако до градоначалникот стигнаа поплаки за работата на истата. Тие ветија решавање на проблемите, со цел граѓаните да имаат навремена и квалитетна услуга.
Покрај ова, тие разговараа и за можноста повторно да се отвори канцеларијата на Пошта во населеното место Црешево, за да може услугите кои ги нуди оваа канцеларија да се доближат до граѓаните.

## ОТВОРЕНА СЕНЗОРНА СОБА ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ КИРИЛ И МЕТОДИЈ

По повод одбележувањето на Денот на човековите права градоначалникот Борис Георгиевски, заедно со министерката за образование и наука, Мила Царовска ја отворија сензорната соба за ученици со аутизам во основното училиште „Кирил и Методиј" во Стајковци.

Оваа сензорна соба ќе можат да ја користат 9 ученици, а целосната изградба е финансирана од страна на општината во вредност од 440.000 денари.





на тема

# УСПЕШНО СЕ СПРАВУВАМЕ СО ПРЕДИЗВИЦИТЕ НОСЕЈЌИ ЗНАЧАЈНИ ОДЛУКИ ЗА ГРАЃАНИТЕ



*Во рубриката На тема со претседателот на Советот на општина Гази Баба, Тони Бојковски разговараме за работата на Советот, донесените одлуки до сега и нивната реализација*

***Кои се најзначајните Одлуки кои ги има донесено Советот во изминатиот период?***

Секоја Одлука е значајна за граѓаните кои ни ја даде довербата, без разлика дали се работи за улична светилка или изградба на градинка.

***Колку од донесените Одлуки се реализирани?***

Советот има ингеренции да носи Одлуки, кои градоначалникот и администрацијата имаат должност да ги спроведуваат. Кога станува збор за реализација, јас би рекол, секогаш може подобро.

***Каква е Вашата соработка со градоначалникот?***

Како претседател на Совет на општината, имам обврска да укажувам на добрите, но и лошите Одлуки предложени од градоначалникот. Соработка мора да има помеѓу сите избрани лица од граѓаните. Ние мораме да ги реализираме нивните барања, впрочем затоа и сме избрани.

***Дали сте задоволни од сработеното во изминатите три години?***

За 3 години невозможно е се да се направи. Согласно Програмата ветена пред граѓаните, Советот донесе Одлуки кои треба да се реализираат.

***Како ја оценувате работата на Советот, со оглед на тоа што веќе навлегувате во четвртата година од мандатот?***

Советот работи согласно Законот за локална самоуправа и согласно Деловодникот за работа на Советот. Со поминати 51 седница на Совет, кои траат во просек по 5 часа, можам со сигурност да кажам дека советниците во овој состав успешно се справуваат со предизвиците, согласно нивните ингеренции.

*@opstinagazibaba*

*opstina@gazibaba.gov.mk*

*opstina_gazibaba*

*www.gazibaba.gov.mk*





ОГБ info

# ЗАПОЧНА ИЗГРАДБАТА НА НОВАТА СПОРТСКА САЛА ВО ООУ КИРИЛ И МЕТОДИЈ



Започна изградбата на салата во ООУ "Кирил и Методиј". Учениците ќе имаат простор каде да вежбаат и каде да ги изведуваат часовите по физичко воспитување.

Градоначалникот Борис Георгиевски заедно со претседателот на Владата, Зоран Заев и директорката на ООУ Кирил и Методиј, го означија почетокот на градбата на салата.

Според градоначалникот Георгиевски, на овој начин се исполнува зацртаната цел сите основни училишта во општината да имаат спортска училишна сала.

- Ние, овие три години, заедно со училиштата и Владата бевме посветени за модернизација на образовниот процес, како и за реконструкција на основните училишта. Наша пракса, која ќе продолжи и во иднина е годишно од буџетот на општината, да одвојуваме до 15 милиони денари за капитални инвестиции во основното образование, изјави Георгиевски.

Општина Гази Баба подготви и проект за изградба на нова спортска сала и за ООУ „Наум Охридски" во Булачани. Со ова, сите основни училишта во Гази Баба добиваат спортски училишни сали за одржување на наставата по физичко образование.

# РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО ВОДОСНАБДУВАЊЕ ВО РАШТАК



Градоначалникот Борис Георгиевски изврши увид на филтер станицата во населеното место Раштак, чија реконструкција е завршена. Заменета е инсталацијата и поставен е дополнителен филтер.

Исто така, тековно се работи на четирите краци за приклучоци кон оваа водоводна мрежа, се со цел нормално функционирање на населението.

# ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА МРЕЖА ВО СМИЛКОВЦИ




Изградбата на фекална канализација во населеното место Смилковци се одвива според предвидената динамика.

Имено, градоначалникот Георгиевски, заедно со претставници на техничкиот секретаријат, изврши увид во изградбата на фекалната мрежа и притоа е констатирано дека изведбата напредува согласно предвидената динамика и дека проектот дека е реализиран со повеќе од 30 отсто, а посебен успех претставува



изведување на прокопи на самата траса преку која минуваше далекувод.

Овој проект се изведува со средства на општината, Владата и средства од Европската Унија преку програмата за прекугранична соработка од каде е добиен гранд од 134.000 евра.



# ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ПЕНДАРОВСКИ ВО ПОСЕТА НА КОМПАНИЈАТА АЛКАЛОИД - СКОПЈЕ

Претседателот на Република С. Македонија оствари посета на работата и производствените капацитети на компанијата Алкалоид АД – Скопје, придружуван од градоначалникот Борис Георгиевски и генералниот директорот на компанијата Живко Мукаетов.



Раководството на „Алкалоид АД" ги презентираше на Претседателот Пендаровски тековните активности на компанијата, резултатите од работењето, како и континуираните инвестиции. На полето на инвестициите Алкалоид во изминативе две децении има инвестирано близу 200 милиони евра во фармацевтски производни капацитети, научно - истражувачки лаборатории, современа опрема, технологија, и кадар, а 10% овој износ е вложен во научно истражувачки дејности и осигурување на квалитетот на производите. Во таа насока, делегацијата оствари обиколка на алкалоидовиот „Институтот за истражување и развој – Фармацевтски корпоративен развој" каде стотина експерти од разни области работат на разни фази од развојот на фармацевтските производи.



Компанијата Алкалоид го помагана и Кризниот штаб на општината во борбата со корона вирусот донирајќи средства за дезинфекција на основните училишта и детски градинки, а поддршка со своја донација даде и во акцијата за обезбедување на смарт таблет уреди за учениците од основните училишта во Гази Баба.











# ГАЗИ БАБА ДОБИВА НОВ ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ДЕЦА СО ИНТЕЛЕКТУАЛНА И ТЕЛЕСНА ПОПРЕЧЕНОСТ И ЦЕНТАР ЗА СЕНЗОРНА ИНТЕГРАЦИЈА

Градоначалникот Борис Георгиевски заедно со министерката за труд и социјална политика, Јагода Шахпаска изврШија увид во градежните активности и го означија почетокот на новите два капитални проекти кои општината ги започнува со изградба.

Дневниот центар за деца со посебни потреби е на површина од 227 метри квадратни. Ќе работи како регионален центар за згрижување на деца од целиот град, со поддршка од три општини Гази Баба, Бутел и Илинден.

Центарот за сензорна интеграција е наменет за децата со посебни образовни потреби од детските градинки и основни училишта од општина Гази Баба. Се протега на површина од 223 метри квадратни. Во рамки на центарот ќе има сензорна соба со површина од 100 метри квадратни, комплетно опремена со соодветни нагледни средства.

Гази Баба се грижи за децата со интелектуална и телесна попреченост, во насока да им овозможиме олеснување на секојдневието и животите околности во кои се наоѓаат.

# ВО ЗАВРШНА ФАЗА Е ИЗГРАДБАТА НА НОВАТА ДЕТСКА ГРАДИНКА ВО СТАЈКОВЦИ



Градоначалникот Борис Георгиевски заедно со секторите за комунални дејности и урбанизам во општината, изведувачите и надзорот на проектот, извршија контролна ревизија на градежните работи од втората фаза за изградба на новата детска градинка во Стајковци.

При извршениот увид констатирано е дека сите предвидени градежни активности во втората фаза на градба се завршени и градежните активности можат да преминат во третата и последна фаза.



Третата фаза на градба од новата градинка, согласно проектот, опфаќа холтикултурно и партерно уредување на градинката, поставување на ограда околу објектот и пробивање на сервисната улица до објектот. Во оваа фаза влегува и поставувањето на опремата и реквизитите кое го работиме заедно со поддршка на МТСП.

Веќе во постапка е и изборот на име за новата детска градинка, кое го избираат дечињата од градинката 25-ти Мај, а територијално треба да бидат дел од новата градинка во Стајковци. Вкупно пристигнаа 75 предлози за ново име на градинката. Дечињата, родителите и вработените во градинката ќе можат од десетте предлози со најмногу гласови, да го одберат новото име за новата градинка во Стајковци.

ОГБ *info*




# ПОСТАВЕНА ПРВАТА ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ЗА ВАКУУМ КАНАЛИЗАЦИЈАТА ВО ЈУРУМЛЕРИ

Првата пречистителна станица за вакуум канализацијата која се гради во населеното место Јурумлери е поставена. Пречистителната станица е опремена со систем за секундарна филтрација и дополнително за прв пат се употребува терцијална филтрација преку песочни самомијачки филтри. Крајниот резултат кој се добива од оваа пречистителна станица е пречистена вода од втора категорија, односно техничка вода. Проектот за изградба на вакуум канализација во населеното место Јурумлери, предвидува изградба на канализациона мрежа за целото населено место. Поради местоположбата на населеното место и подземните води, за целосно решавање на канализационата мрежа моравме да примениме модел на вакуум ситеми. Ваков вид на вакуум канализациона мрежа е прв во нашата земја, но и во регионот, процес кој е по сложен поради изработката на вакуум станиците за секоја шахта посебно. Изградбата на овој проект е поделена во неколку фази, финансирана со средства од општината, Владата и Светска Банка. До сега реализирана е првата фаза од проектот, односно изградена е вакуум станицата, изградена е 3100 метри примарна мрежа и поставени се 68 примарни шахти, во вредност од 30.500.000 денари средства на општината. Веќе се работи на втората фаза од проектот кои го работиме со средства од Светска банка во висина од 72 милиони денари. Оваа фаза предвидува изградба на нова пречистителна станица кај реката Вардар, која веќе е поставена, како и примарна мрежа до ваккум станица и примарна мрежа во Дунак маало. Третата фаза пак го опфаќа преостанатиот централен дел на населеното место Јурумлери. Со реализација на овој голем капитален проект се решава еден деценски проблем во населеното место Јурумлери. Целото населено место добива функционална канализациона мрежа, а јамите стануваат минато.







ОГБ *info*



# БУЛАЧАНИ ДОБИ ВОДОВОДНА МРЕЖА

Општина Гази Баба ја предаде во употреба новата водоводна мрежа, со што го реши повеќе дециниските проблем на населеното место Булачани.

Изградени се примарна и секундарна водоводна мрежа, на која се поврзани 157 домаќинства, со поставени водомери.

Новиот водоводен систем се снабдува од два резервоари, а изведбата ја вршеше Јавното комунално претпријатие „Гази Баба 2007".

# УВИД ВО ИЗВЕДБА НА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА ВО ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ





Од извршениот увид на терен за изградбата на фекалната канализациона мрежа во населеното место Гоце Делчев, беше заклучено дека работите се одвиваат според планот. Речиси пред крај е реализацијата на првата фаза, која ќе се означи со поставување на мрежата на кракот 1. Паралелно со првата фаза, ќе се започне и втората фаза, за која веќе од буџетот на општината се обезбедени 12 милиони денари.

Досега се изведени 450 метри од фекалната канализациона мрежа, со длабочина од 2,5 метри, поставени се шахти на главната линија на кои подоцна ќе се приклучуваат и сите домаќинства од ова населено место.

# ПРИМЕНА НА ИНОВАТИВНИ МЕТОДИ ЗА САНИРАЊЕ НА УДАРНИТЕ ДУПКИ

Секторот за комунални работи на општина Гази Баба заедно со градоначалникот Георгиевски, присуствуваа на презентација од страна на германска компанија Strassenflex за посебна асфалтна смеса која се користи при крпење на дупки по коловозот, која ќе се користи низ општина Гази Баба. Смесата се користи така што се нанесува на оштетени делови од коловозот, без притоа да има потреба од отстранување на старата асфалтна подлога. Со оваа асфалтна смеса доста побрзо се работи, поефикасна е и најважно поекономична, а нејзината издржливост и употребливост на коловозот е до 5 години. Се водат взаемни преговори со оваа германска компанија како во општината, во иднина да се применат овие нови економични методи за санирање на ударните дупки.



# РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОДНА МРЕЖА НА УЛИЦАТА АНТОН ПОПОВ

Градоначалникот Борис Георгиевски заедно со директорот на ЈП Водовод и канализација, Душко Весковски направија увид во градежните работи од реконструкцијата на водоводна мрежа на ул. Антон Попов, во должина од 800 метри. Целта на оваа реконструкција е старите азбестни цевки да се заменат со нови Fi200, за подобар квалитет на водоводниот систем. Овој проект е продолжение од реконструкцијата на водоводната мрежа на улицата Христофер Жефаровиќ, која веќе е завршена, а вредноста на проектот е 20 милиони денари.



ОГБ info




# ОБЕЗБЕДИВМЕ 910 ТАБЛЕТ УРЕДИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД РАНЛИВИТЕ СЕМЕЈСТВА

Посебен предизвик за нас беше и онлјан наставата, како и проблемот кои родителите го имаа за да обезбедат уред за своето дете да може редовно да ја следи онлај наставата.

Успеавме да обезбедиме 910 таблет уреди кој беа доделени на учениците од социјално ранливите семејства и семејствата со повеќе дечиња кој имаа само еден уред.

Како општина набавивме 350 таблет уреди, но со голема поддршка на општествено одговорните компании како и донацијата на амбасадата од Народна Република Кина успеавме да обезбедиме 910 таблет уреди.





Благодарност до компаниите МАРАЈ ИЗО СТОНЕ, САНИК, ВИТАЛИЈА, МАКСТИЛ, ИЗОЛАЦИЈА, ЕКОЦИРКОН, ЕХИ, ЕНЕРГОМОНТ, АДРА, ФАС – ВАС, КАРАОРМАН, КАМНИК, ДЕЛИЦИЈА, РИМА СТИЛ, ЕКОЦЕНТАР 97, МЕГА ТЕХНА, РМК ГРАДБА, ВИТО М, ФАКОМ, РЖ УСЛУГИ, КНАУФ, КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА, ИНГЛУЛИ и АД АЛКАЛОИД – СКОПЈЕ, кои со своја донација се вклучија во оваа акција организирана од општина Гази Баба.



Општина Гази Баба

# УСПЕШНО ЗАВРШИ АКЦИЈАТА ГАЗИ БАБА СЕ ГРИЖИ, СОБРАНИ 1645 КГ ХРАНА ЗА СОЦИЈАЛНО РАНЛИВИТЕ ГРАЃАНИ





Општина Гази Баба во соработка со здруженијата Љубезност, Сите Сити, Ајде Македонија, Црвен Крст Гази Баба, Копче, Ретвитни оброк, Лице в лице, Пакомак, Сунипенс, Нула отпад и Шепасти ја организираа најголемата хуманитарна акција Гази Баба се грижи.








Хуманитарната акција имаше за цел собирање на храна, облека, хигиенски средства и мебел, за поддршка на социјално ранливи категории на граѓани.

Драги сограѓани, Ви благодариме на сите вас кои со Ваши донации се приклучивте во оваа акција. На сите министри, пратеници, градоначалници, членови на совет, пејачи, глумци, јутубери и бизнис секторот, кои беа дел од оваа голема акција.











Заедно направивме многу! Успеавме да собереме 1645 кг прехранбени производи, 190 кг облека, 356 кг хигиенски средства, 115 пакети пелени, детски играчки, постелнина, училишен прибор и мебел.

Од срце ви благодариме на сите. Заедно во дело покажавме дека Гази Баба се грижи.

ОГБ *info*

# ОПШТИНАТА ГО РЕШАВА ПРОБЛЕМОТ НА ЖИТЕЛИТЕ НА ЌЕРАМИДНИЦА

Градоначалникот на општина Гази Баба, Борис Георгиевски, заедно со претставници од секторите за урбанизам, комунални дејности и инспекторатот во општината, на средба со граѓаните на населбата Ќерамидница, вети дека ќе го разреши проблемот којшто тие го имаат со движење на тешката механизација.

Општинските власти ги информираа граѓаните дека е веќе разговарано со инвеститорот и е постигнато решение на овој проблем. Преку нов времен режим за движење од комплексот Александрија, низ стара Комуна.

Од Општината, на граѓаните им е дадено и ветување дека оние улици по кои се движи градежната механизација ќе се чистат редовно, а доколку има оштетувања на коловозите, или објектите за домување ќе следи нивно итно санирање.



## ПОДДРШКА ЗА ИЗГРАДБАТА НА ЦРКВАТА СВ. ЛИДИЈА МАКЕДОНКА ВО ЧЕНТО

Заедно со членовите на иницијативниот одбор, градоначалникот Борис Георгиевски присуствуваше на поставувањето на темелите од новата црква Св. Лидија Македонка во Чento.

Заложбите на градоначалникот Георгиевски, општината, Македонската Православна Црква и општествено одговорните компании, се големи за поддршка во изградбата на новата црква св. Лидија Македонка во населбата Ченто.

# РАБОТНА СРЕДБА ГЕОРГИЕВСКИ - СТЕФОСКА



Работна средба со министерката за култура Ирена Стефоска оствари градоначалникот Борис Георгиевски, на која разговараа за повеќе проекти во општината кои ги подготвувавме во изминатиот период. Уредувањето на Турбето „Крал К'зи" - гробницата на Катарина, ќерката на последниот босански крал Стефан, како и обновата на домовите за култура и стариот објект од Кино Маџари, се проектите кои беа на тема на разговор на оваа средба.

На јавен повик ќе извршиме избор на архитектонско решение за возобновување на стариот објект на Домот на култура во Ченто. Граѓаните преку анкета ќе имаат можност да го одберат крајното предлог решение за обнова на овој културен објект. Работиме на можноста и се надеваме наскоро, како општина да основаме и посебно јавно претпријатие кое ќе управува со сите објекти од културата, преку кое, како правно лице ќе можеме во иднина да конкурираме за добивање на средства од ЕУ фондовите, како и од Владата, со цел реконструкција и повторно заживување на културните домови во нашата општина.





ОГБ *info*

# НАБАВЕНА НОВА МЕХАНИЗАЦИЈА ЗА ЈКП ГАЗИ БАБА





ЈКП Гази Баба доби нова механизација. Со овој чекор уште еднаш се потврдува дека општина Гази Баба посветено вложува и ги подобрува капацитетите на ова претпријатие со една цел, да биде во служба на граѓаните на кои им е најпотребно.

Новата механизација, односно малиот багер и камионот, ќе придонесат ЈКП Гази Баба самостојно да ги извршува своите активности.

Изминатите три години општина Гази Баба вложи многу енергија ова јавно претпријатие да го направи вистински сервис на граѓаните.

Бројот на сезонски работници се зголеми, беа набавени нови рачни и моторни косилки, тримери, телескопи, нова заштитна униформа и опрема за вработените. ЈКП Гази Баба доби нов административен простор кај кино Маџари, со опремена работилница за подготовка на урбана опрема. Набавен е и багер, камион кипер, како и возило со приколка за одржување на уличното осветлување и кастрење на дрва.

## НАБАВЕНИ И ПОСТАВЕНИ 2000 КАНТИ ЗА ЏЕБЕН ОТПАД



Општина Гази Баба преку ЈКП Гази Баба, изврши набавка на нови 2000 корпи за џебен отпад кои се поставени на повеќе локации низ сите населени места во општината.

Вложувајќи во подобрување на капацитетите во ЈКП Гази Баба, денес ова претпријатие е вистински сервис за граѓаните, кое може во целост да ги извршува своите дејности.

Со опремувањето на рабтилницата во рамки на ЈКП Гази Баба, денес ова претпријатие може самостојно да произведува и реконструира урбана опрема, како корпи, клупи и летниковци.

## САНИРАНО СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ НА УЛИЦА ВЕРА РАДОСАВЉЕВИЌ



По добиена пријава од граѓани, санирано е оштетеното спортско игралиште на улицата „Вера Радосављевиќ". Несовесен возач предизвикал оштетување на оградата од игралиштето, а за случајот се известени надлежните институции кои преземаа соодветни прекршочни мерки.




## East Gate Mall

# НОВОТО СРЦЕ НА СКОПЈЕ

Градоначалникот Борис Георгиевски, заедно со премиерот Зоран Заев, изврши увид во изградбата на новиот деловен објект Скопје Ист Гејт Мол.

Скопје Ист Гејт Мол е значајна инвестиција за нашата општина. Деловниот објект се протега на површина од 160.000 метри квадратни. Има пет нивоа на кои ќе бидат сместени 250 локални и меѓународни брендови и отвора нови 2.500 работни места. Вкупната инвестиција на овој деловен објект изнесува 103 милиони евра.







Просторот околу Скопје Ист Гејт Мол ќе биде уреден со прекрасен парк на површина од 12.000 метри квадратни.

Општина Гази Баба ја враќа довербата кај инвеститорите. Оваа инвестиција е посебно значајна за општината, бидејќи долгорочно носи развој на локалната економија.









# НОВИОТ РИТАМ НА ГРАДОТ



East Gate Mall е замислен како нов урбан ритам на градот. Како најголем центар за шопинг, култура и забава во регионот, East Gate Mall ќе биде вашето место каде ќе уживате во врвно шопинг искуство со богат избор на повеќе од 220 брендови. Место каде ќе се забавувате со своите најблиски, каде што ќе уживате во нови гастрономски вкусови и уникатна кафе-култура.

## УНИКАТЕН ДИЗАЈН

Почнувајќи од уникатниот дизајн на фасадата, па сè до импресивните аркади и стаклениот покрив на East Gate Boulevard со елегантните и пространи излози, секој дел од East Gate Shopping нуди уникатно искуство каде што ќе се чувствувате пријатно и ќе уживате во секој момент, без разлика дали сте дојдени за шопинг, забава или добро кафе со пријателите.



## ВРВНО ШОПИНГ ИСКУСТВО

East Gate Mall ќе понуди врвно шопинг искуство со широк асортиман на продавници и избор од повеќе од 220 брендови; од хипермаркет до место каде што ќе најдете сè за вашиот дом, најголемиот малопродажен ланец за бела техника и електроника, како и голем број на услуги на ваше располагање во секое време.



## РЕСТОРАНИ И БРЗА ХРАНА

Во секој момент ќе имате и место каде да уживате во нови гастрономски искуства благодарејќи на богатиот избор на ресторани и оддел за брза храна со 800 седишта.



## КАФЕ АВЕНИЈА

Уникатниот концепт на Café авенијата во East Gate Mall ќе нуди бројни кафе-локали на отворено каде што ќе имате место каде да се опуштите со пријателите на добро кафе.

## ИДЕАЛНА ПОВРЗАНОСТ



Лоциран на само 5 минути од центарот на градот, East Gate Mall има одлична поврзаност со сите делови на Скопје преку 5 автобуски линии со фреквенција на секои 5 минути. Дополнително, близината на булеварот „Александар Македонски", нуди одлична регионална поврзаност благодарение на пристапот до Е-75 и Е-76 преку автопатот М4, што е особено значајно за заштеда на време секогаш кога излегувате од Скопје.

# ДАЛИ ЗНАЕВТЕ **ДЕКА?**




УБАВИНИТЕ НА ГАЗИ БАБА: АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТ ТУМБА МАЏАРИ

НАШАТА РОДИТЕЛКА, НАШАТА ПРАМАЈКА, ЗАШТИТНИЧКА И БОЖИЦА, ГОЛЕМАТА МАЈКА, КУЛТ НА ПЛОДНОСТА, МАЈКА НАД МАЈКИТЕ, ПОТЕКНУВА ОД АРХЕОЛОШКИОТ ЛОКАЛИТЕТ ТУМБА МАЏАРИ, КОЈ ПРЕТСТАВУВА ДЕЛ ОД ИСТОРИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА.

Археолошкиот локалитет Тумба Маџари се наоѓа во населбата Ченто и е најзначајна неолитска населба во Скопската котлина, откриена во 1961/62 во текот на археолошки пробни истражувања поврзани со изградба на автопат. Првите археолошки истражувања започнале во 1978 година од страна на Музеј на Македонија, при што резултатите покажале дека се работи за населба од младото камено време, каде животот се одвивал во континуитет во периодот од 6000 – 4300 година п.н.е.





Овој археолошки локалитет е еден од најстарите во Македонија и Балканот и укажува на фактот дека на овие простори се живеело и творело од самиот почеток на човештвото.
Од наодите откриени на овој локалитет се издвојува керамички модел на куќа, оформена во вид на фигура на жена (Големата Мајка Божица), која во современото живеење на општина Гази Баба станува дел од идентитетот на општината.
Во склоп на локалитетот изграден е Музеј на отворено, односно неолитско село, кое го отсликува животот на жителите од пред осум милениуми.
Во реконструкцијата на неолитските куќи се користени археолошки остатоци најдени на локалитетот. Изградени се од дрвени колци, од гранки обложени со дебел слој од кал измешана со плева. Покривот е изграден од дрвена конструкција и слој од слама ржаница, трска или шамак, изградени во духот и стилот на архитектурата на младото камено време – неолитот.
Општина Гази Баба од 2011 година на овој простор започна да ја организира манифестацијата „Големата Мајка", посветена на Меѓународниот Ден на мајката, нашата родилка, нашиот извор на постоење, која се одржува втората недела од месец мај.
Музејот на отворено – неолитското село и археолошкиот локалитет се во наша близина, ние ви откриваме место кое треба да го посетите и да го почувствувате мирот, спокојот и едноставноста на живеењето на нашите предци.





# ДАЛИ ЗНАЕВТЕ **ДЕКА?**

УБАВИНИТЕ НА ГАЗИ БАБА: ЦРКВА СВЕТИ СПАС ВО РАШТАК

Црквата Св. Спас е изградена на место каде претходно постоел стар верски црковен објект, кој бил срушен. Разурнатата црква била обновена 1861 година од месното население. Во 1866 година бил завршен иконостасот, а во 1928 година е поставена камбанаријата.
Во црквата посебно внимание привлекува иконостасот со ликот на Св. Злата Мегленска облечена во народна носија од ова село.
Во црквата се наоѓала и стара црковна книга, печатена во Венеција во 1537 година, која од безбедносни причини сега се наоѓа во Народната библиотека во Скопје.



# ТЕАТАРОТ Е МОЈОТ ВИСТИНСКИ ДОМ




**Интервју со Изабела Јованова, студент на ФДУ и млад европски амбасадор**

**Општина Гази Баба со гордост може да каже дека го има првиот млад европски амбасадор од својата општина. Тоа е нашата млада талентирана актерка Изабела Јакимова. Изабела е успешен студент на Факултетот за Драмски Уметности, борец за родова еднаквост и човекови права. Работи на повеќе проекти истовремено, а со својот ентузијазам и креативност придонесува во развојот на својата општина Гази Баба. Мини едукативната серијата Тумбуфафа и истражувачите, проектот Гази Баба спортува се само дел од проектите кои Изабела ги подготви за својата општина. Беше дел и од проектот на општината Градиме заедничка иднина, подготвувајќи ја заедно со учениците претставата Кој да го освои срцето на Сара. Изабела е дел и од екипата во детската емисија 5+, како и во серијата Преспав. За нејзината љубов кон актерството, проектите на кои работи во моментот и нејзиното ангажирање како млад европски амбасадор, разговаравме во интервјуто за општинскиот весник Гази Баба.**

*Дали актерството е вештина или талент?*

ИЗАБЕЛА: Актерството е склоп од двете. Талентот го носиш со себе, но без научена вештина и без вложен труд и работа, за минута може се да ти пропадне во вода.

*Која е Изабела Јакимова, што значи за еден млад човек да си амбасадор на нашата земја и актерка воедно? Од каде потекнува љубовта кон твојата работа?*

ИЗАБЕЛА: Изабела Јакимова е 23 годишен човек што тренира рекреативен кикбокс што го гледам како издувен вентил хахаха. Да се биде младински амбасадор за мене беше огромна чест и одговорност и се трудам максимално да правам што е можно повеќе промени за темата која ја застапувам- родова еднаквост и човекови права. Мојата љубов потекнува уште од најрана возраст. На моето детство се сеќавам како играм на улица дур баба ми ме брка за да ме натера да се приберам и вториот дел е театар. Таму израснав и тоа е мојот вистински дом.

*Те гледавме на „Пет+ фамилија“ накратко за искуството во детскиот серијал?*

ИЗАБЕЛА: Пет плус ми е еден од омилените проекти бидејќи пред се се чувствувам многу исполнето и среќно дур снимам особено поради фактот дека самите теми на епизодите се многу едукативни и придонсуваат многу за децата.

*Вклучена си во проект во општина Гази Баба, Тумбуфафа и истражувачите, во која насока го работите детскиот серијал?*

ИЗАБЕЛА: Тумбуфафа е детски серијал кој ќе се емитува наскоро на социјалните мрежи и е направен со цел да ги доближиме убавините на нашата општина преку интересни, едукативни и детски содржини.

*Најнов е проектот „Гази Баба спортува“, во услови на КОВИД 19 сакате да ги поткнете младите а верувам и сите останати кон поздрав начин на живот и воедно да се изборат полесно со пандемијата и да се вклучат спортски поактивно во секојдневието? Објасни ни накратко за целите, намерите, кој се треба да се вклучи во проектот и секако што сакате да постигнете со реализацијата на овој проект.*

ИЗАБЕЛА: Гази Баба спортува е проект кој е направен за да заживее спортскиот живот во Гази Баба, да се внесе дух кој ни фали на сите, во сите луѓе кои имаат желба да спортуваат и да докажеме дека спортот не бира пол, дека нема само машки или само женски спортови. Во овој проект можат да се вклучат апсолутно сите кои сакаат да спортуваат и да се запознаат со спортовите кои ги одбравме- кикбокс, стрелаштво, самоодбарана, биатлон и фудбал.

*Како млад амбасадор и жител на општина Гази Баба што вие би направиле во неа, некој ваш предлог и идеја?*

ИЗАБЕЛА: Па би се ангажирала баш околу работите кои претставуваат стигма (проектот Гази Баба), би се ангажирала околу развој на културниот живот, театарот, филмот и општо развој на уметноста како и проекти кои би бклучувале решавања на разни социјални прашања ( ментално здравје, родова еднаквост, човекови права итн.)

*И на крај би сакале да знаеме која ти енајголема поддршка, имено водилка во животот?*

ИЗАБЕЛА: Најголема поддршка ми е Изабела од детството бидејќи имам уште многу, многу да му се одолжувам на тоа дете во мене.





# ОДБЕЛЕЖАН СВЕТСКИОТ ДЕН НА ТЕАТАРОТ 27 МАРТ

Домот на култура „Димитар Влахов“ денес е активна културна институција во која работи и Театар Чекори.
Во 2018 година токму на Светскиот ден на театарот 27 март објектот го отворивме со претставата „Островот на скриеното богатство“ одиграна од страна на театар Чекори.
Потоа низ годините следеа претставите „Мирјана и оние околу неа“, „Поздрави некого“, „Ние“ и „Поетични суштества“, а од страна на најмалата група актери во театар Чекори се одиграни претставите „Малиот принц“ и „Доживувањата на Томчо Палчо“.
Театарот Чекори е активен со одржување на проби и часови по актерска игра во различни групи и брои 14 членови. Во моментот се спремаат нови две претстави „Смачканите петунии“ и „Розата и венецот“.



Во овој објект се одигра и претставата „Кој да го освои срцето на Сара“ како дел од проектот Градиме заедничка иднина, а се реализираше првиот драмски фестивал „Маски“ каде учествуваа учениците од основните училишта во Гази Баба.
Сите овие години во Домот на култура „Димитар Влахов“ се организирани различни настани изложби, модни ревии и конференции. Сега одиме чекор понатаму сакајќи да го дополниме редовниот драмски репертоар, во овој објект влегува и театарот Провокација.
Им благодариме на Петко, Александар, Маја, Никола и Виктор, млади ентузијасти кои со својата посветеност и енергија го заживеаа овој објект како вистинско културно катче во нашата општина.










# АЛЕКСАНДАР ИЛИЕВСКИ МЛАД ПЛИВАЧ СО ИЗВОНРЕДНИ РЕЗУЛТАТИ

НАШИ ТАЛЕНТИ

Добитник на наградата „Големата Мајка“ за постигнати исклучителни резултати во областа на спортот во 2013 година беше Александар Илиевски, роден 1990 год. жител на општина Гази Баба, натпреварувач во далечинско пливање, со постигнати извонредни резултати на државни и меѓународни натпреварувања, професор по физичка култура.
Со пливање започнува во 1999 година, најнапред поради здравствени причини, но набргу се вљубува во овој спорт и базенот му станува место каде што најповеќе го поминува слободното време. Напорните тренинзи набргу вродуваат со плод, со учества и награди на домашни и меѓународни натпревари во младинска категорија, како член на младинската репрезентација на Македонија.
Во следните години во сениорска категорија, станува државен првак на 400, 800 и 1500 метри во слободен стил.
Во 2010 година, под покровителство на Светската пливачка асоцијација ФИНА, за првпат учествува на Охридскиот пливачки маратон, на патеката Свети Наум – Охрид, во должина од 30 км, каде го освојува 9 - тото место од 24 пливачи.
Учествувал на Илинденскиот пливачки маратон, на македонскиот куп во далечинско пливање во Дојран, на Козјак и на Велешко езеро, каде од маратоните на Козјак и Дојран е севкупен победник на Македонскиот Куп во далечинско пливање на 10 км .
Има учествувано на меѓународни маратони: на државно првенство во далечинско пливање во Србија, Бечеј на 5 и 10 км, во Шабац, Србија на 19км и во Приштина во должина од 4,5 км.
Од 2014 година учествува на Fina Grand Prix– Фина и Fina Word Cup:
- На Интернационалниот пливачки маратон во Росарио – Аргентина во должина од 8 км, во Санта Фе – Коронда (Аргентина) во должина од 57 км , Villa Urguiza-Parana ( Аргентина) во должина од 25 км, во Хернандариас - Парана ( Аргентина) во должина од 88 км , во Роберваı ( Lac St.Jean ) – Канада во должина од 32 км, во Magog ( Lac Magog ) – Канада во должина од 34 км, Капри - Наполи во должина од 36 км , во Балатон, Унграрија во должина од 10 км, Хрватска од Цриквеница – Нови Винодолски во должина од 20 km и уште многу други.
Пласмани во Светската Гранд При Серија – Фина:
2014 год. рангиран на 11 место во конкуренција на 30 пливачи
2015 година рангиран на 10 место во конкуренција на 30 пливачи.
.2016 година рангиран на 7 место во конкуренција на 30 пливачи.
2017 година рангиран на 10 место во конкуренција на 30 пливачи.
2018 година на 8 место во конкуренција на 30 пливачи
2019 година рангиран на 8 место во конкуренција на 30 пливачи.
Најголем подвиг му е учеството на маратон во Хернандариас - Парана ( Аргентина), каде исплива 88 км, при што трката ја заврши на 5-то место од 25 пливачи, за време од 9 часа 47 минути.
Покрај упорноста и дисциплината на Александар, за неговите успеси голема заслуга има и легендата во далечинско пливање, Томи Стефановски, кој од 2013 година работи како негов тренер,а на маратоните во 2018 и 2019 година во Аргентина, придружба на нашиот маратонец беше и Петар Стојчев,најдобриот светски маратонец.
Голема поддршка на нашиот маратонец сите овие години му е општина Гази Баба, а на скоро сите маратони го поддржуваат фирмите „Кенди“ и „Вардаргрдба“ и СРЦ „Борис Трајковски“.
Оваа година Александар планира да направи подвиг во чест на прерано починатиот сопственик на фирмата „Кенди“ и негов голем поддржувач на маратоните, Славе Андев.
Тој планира да исплива 71,06 км, почнувајќи од пристаништето во Охрид до Свети Наум, од Свети Наум до Подградец, Албанија, од Подградец до Струга и од Струга до Охрид.
Оваа негова замисла финансиски ја поддржува Агенција за млади и спорт, општина Гази Баба и секако Спортскиот центар „Борис Трајковски“, кој помага Александар да нема прекин во тренирањето во сите овие месеци на присуство на пандемијата на Ковид 19.
Ние сите му посакуваме да успее во својата замисла, а секако и успеси во следните домашни и меѓународни натпревари.





# ЗАПОЧНА ПРОЕКТОТ ГАЗИ БАБА СПОРТУВА



ОГБ info

Како иницијатива на Изабела Јакимова, млад европски амбасадор и Мартин Јованов спортски тренер од кикбокс клубот Титан-Про започна проектот Гази Баба спортува. Целта на овој проект е да ја поттикнеме младата популација да спортува, но и да ја поттикнеме еднаквоста и во овој дел. Во услови на пандемија, со каква што сме денес соочени, спортувањето и рекреацијата е потреба кај секој од нас за да можеме полесно да го поминеме целиот хаос што овој вирус го направи.

Во рамки на овој проект се одржа и првата панел дискусија на тема Жената во спортот, на која учество и свој размислувања на темата споделија младите европски амбасадори, Изабела Јакимова, Александар Каратошо и Ана Купева, како и психологот Тиана Ивановска.

Жената во минатото немала право да учествува ниту пак да следи спортски натпревар, денес и покрај тоа што жената активно е вклучена во спортот, сепак сеуште постои блага нерамноправност, па така финалињата на машките екипи секогаш се во недела, наспроти женските. Потребно е уште многу да се работи и направи во еднаквоста на жената во спортот и рушењето на табуата за машки и женски спортови, беше заклучокот од оваа дебата. Не постои и не треба да постои разлика помеѓу машки или женски спорт. Секој има слободно право да одбере кој спорт сака да го спортува, без да биде дискриминиран од другите. Нашата држава памети и се гордее со многу жени спортистки кои се гордост на целата нација како на пример Атина Бојаџи, Наташа Мешковска, ракометарките на Кометал и уште многу други. Нивниот пример треба да го следиме.

Како дел од проектот Гази Баба спортува одржани се и неколку работилници по одбрана, биатлон и стрелаштво, а следуваат работилниците во таеквондо, кикбокс и фудбал. Пријавените учесници на овие работилници можат подетално да се запознаат со секој од овие спортови и стекнување на основи вештини.

Наша обврска како општина е да овозможиме пристојни услови за рекреација и затоа посветени работевме на нашата цел да ги подобриме условите за спорт во општината. Градиме нови спортски сали во основните училишта и ги реконструираме веќе постојните. Изградивме нова спортска сала во ООУ „Вера Јоциќ“ во Хиподром, а започна и изградбата на салата во ООУ Кирил и Методиј во Стајковци.

Заедно со градот Скопје се изградија нови велосипедски патеки покрај улицата Благоја Стефковски, булеварите Александар Македонски и Киро Глигоров. Па сега има велосипедски патеки кои ги поврзуваат населбите Хиподром, Ченто, Маџари, Триангла и Автокоманда.

Она на што следно работиме е изградба на велосипедска патека покрај реката Вардар, од мостот кај Мерцедес до Јурумлери. Изградба на спортско рекреативен центар во Црешево. Како и реконструкцијата на фудбалскиот терен кој се наоѓа во месноста Росов рид во Булачани и фудбалското игралиште во Страчинци.



# УСПЕШНА КРВОДАРИТЕЛСКА АКЦИЈА ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

Во соработка со ОО на Црвениот Крст Гази Баба, општината организираше крводарителска акција, во која покрај општинската администрација, доброволно крв даруваше и градоначалникот Борис Георгиевски. Тој непосредно пред започнувањето на акцијата оствари средба со менаџерскиот тим на ЈЗУ „Институт за трансфузиона медицина", Венко Стомнароски и Садула Усеини.
Дарувањето крв значи спас на нечиј живот, да се биде нечиј херој, без да знаете за тоа. Посебно во вакви здравствени кризни моменти дарувањето крв е многу значајно. Затоа бидете нечиј херој, дарувајте крв.

# СЕДНИЦА НА КРИЗНИОТ ШТАБ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

Кризниот штаб на Општина Гази Баба, на редовна средба, донесе неколку битни заклучоци кои се однесуваат на натамошното работење.
Имено, на седницата е договорено Јавното комунално претпријатие „Гази Баба 2007" да продолжи со изведување на редовните дезинфекции на сите јавни објекти и површини, како и на спортските и детските игралишта. ЈКП Гази Баба е задолжена повторно да го активира протоколот за редовно дезинфицирање на сите станбени објекти.
Кризниот штаб подготви планови за делување за време на полицискиот час, а полициската станица „Гази Баба", согласно истите оперативни планови, е задолжена да го контролира движењето за време на полицискиот час, со тоа што ќе бидат зајакнати контролите на јавните површини преку целиот ден, во смисол на носење на заштитни маски и држење на дистанца.

# ПРИЗНАНИЈА ЗА КРВОДАРИТЕЛИ И РАБОТНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Општина Гази Баба, заедно со Општинската организација на Црвениот крст на Гази Баба, на 17 - ти март - Меѓународниот ден на крводарителството, ги додели признанијата на дарителите кои 100 пати дарувале крв, а признанија им беа доделени и на најдобрите работни организации.
Иако во отежнати услови, поради пандемијата од корона вирусот, Општина Гази Баба во текот на минатата година успеа да организира повеќе крводарителски акции. Бројките велат дека само во текот на минатата година биле реализирани 34 крводарителски акции и притоа биле собрани 3.271 единица крв.
Признанијата за 100 пати дарувана крв им беа доделени на Петар Христов и Слаѓан Нишиќ, додека АД „ФАКОМ" доби признание за најдобра работна организација од Општина Гази Баба, а СУГС „Панче Арсовски" и Факултетот за безбедност добија признанија за најдобри образовни организации.









# РЕДОВЕН РАБОТЕН СОСТАНОК СО ДИРЕКТОРИТЕ НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА




Градоначалникот Борис Георгиевски одржа редовен работен состанок со директорите на основните училишта во општина Гази Баба. Овие координативни состаноци со почеток на пандемијата од коронавирусот, уште од минатата година се одржуваат еднаш месечно.

Целта на овие состаноци е координација за текот на наставата и онлајн, но и со физичко присуство во училиштата, како и решавање на тековните потреби кои ги имаат училиштата за заштита на здравјето на учениците и наставниот кадар.

На состанокот градоначалникот беше информиран за предвидените капитални проекти во основните училишта за 2021 година. Веќе трета година општина Гази Баба покрај редовните финансии за основните училишта и детски градинки одвојува и дополнителни 15 милиони денари од својот буџет, средства наменети за капитални инвестиции. Преку овие средства секоја година се подобруваат условите во училиштата и се модернизира наставата.

До сега со овие средства е поставена нова енергетска фасада во училиштата Дане Крапчев и Крум Тошев, реконструиран е кровот во училиштата Његош и Крум Тошев, заменети се прозорците во Стив Наумов и Наум Наумовски Борче, реконструирани се санитариите во Кирил и Методиј, 25-ти Мај, Наум Наумовски Борче и Дане Крапчев. Целосно ги молерисавме училиштата Дане Крапчев, Наум Наумовски Борче, 25-ти Мај и Стив Наумов. Обновена е оградата во Стив Наумов, а веќе е започната постапката за обнова на оградата на подрачното училиште Наум Охридски во Раштак.

Овие средства се искористени и за поставување на смарт табли, а до сега поставени се повеќе од 115 смарт табли во сите основни училишта, збогатен е и библиотечниот фонд, реконструирани се училишните библиотеки и опремени со компјутери, а набавени се наставни помагала за лабораториите по хемија, биологија и физика.

За оваа 2021 година како капитални инвестиции во основните училишта предвидено целосна реконструкција на училишната сала во училиштата Дане Крапчев, 25-ти Мај и Григор Прличев. Уредување на училишните дворови во училиштата Крум Тошев, Дане Крапчев, Вера Јоциќ, Наум Наумовски Борче, 25-ти Мај и подрачното училиште Наум Охридски во Раштак. Изградба на спортска училишна сала во ООУ Кирил и Методиј. Почеток на нова училишна зграда за ООУ „Крсте Мисирков". Замена на кровот во училиштето Наум Охридски во Црешево и замена на фасадата на училиштата Стив Наумов и Његош.




# УЧЕНИЦИ, НАСТАВНИЧКИ И НЕГУВАТЕЛКИ ИЗРАБОТУВАА МАРТИНКИ

Март е месец на пролетта чиј што симбол се и популарните мартинки. Исплетени од црвен и бел конец, кои се носат на рака или закачени на облека, децата од градинките и учениците од основните училишта, направија прекрасни креации на мартинки со своите наставнички.
Општината и оваа година традиционално ја поддржа оваа активност, со која се слави доаѓањето на пролетта, а со цел зачувување на традицијата пренесувана од нашите предци.
За убавите изработки не се потребни зборови, бидејќи тоа најубаво се потврдува од фотографиите.

**ОГБ** *info*

# УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ГО ОДБЕЛЕЖАА ДЕНОТ НА ПРОЛЕТТА

Нашите ученици, преку нивните одлични креативни изработки не потсетуваат на сите оние работи кои несмееме да ги заборавиме:

-да ја чуваме природата,отворено да зборуваме за неправдата која ѝ ја нанесуваме на природата, но и заедно сите да делуваме како би ја прекинале истата

-да се грижиме за околината и природата значи сметот да го фрламе на точно одредено место

-повеќе да се возат велосипеди, да употребуваме еколошки неотровни средства за домаќинство,

-да засадуваме нови садници и да ја развиваме нашата еколошка свест неопходна за да се придонесе за почиста околина и поздрава средина.

Погледнете ги дел од ликовните и литературните творби на нашите вредни ученици.





Песна:Пристигна пролетта

Пристигна топла пролет
со нејзиниот најубав долет,
пролетта злотна дојде,
и зимата си прејде.

Сонцето силно грее
го топли милиното цвеќе,
мечката се буди од зимскиот сон
и зазвони убав пролетен звон.

Изработил:Алек Томов V2 одделение
Наставничка:Марија Павловска

## ООУ СТИВ НАУМОВ ДОМАЌИН НА РАБОТЕН ТРЕНИНГ ВО КОШАРКА





Основното училиште Стив Наумов, беше домаќин на показен и работен тренинг, во организација на Кошаркарската федерација на Македонија (КФСМ) како дел од проектот на ФИБА (Федерација на меѓународни кошаркарски асоцијации) Европа наменет за популаризација на женската кошарка, под наслов „Her world, her rules", со девојчиња на седум и осум годишна возраст.

## ПРВО МЕСТО ЗА ДАВИД КИТАНОВСКИ НА ЕДУКАТИВНАТА ИГРА ЕКО МААЛО



Давид Китановски ученик во 8-2 одделение од ООУ „Вера Јоциќ" учествуваше и освои прво место на едукативната онлај игра Еко Маало во организација не Еко Логик и Вело училишта. Натпреварот беше на тема енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија.





**ОГБ** *info*

# АКТИВНОСТИ ЗА СВЕТСКИОТ ДЕН НА ПОЕЗИЈАТА

Споделуваме со вас дел од прекрасните творби подготвени од нашите ученици

**Синило**

Пространо синило.
Ме смирува.
Го чекам изгрејсонцето.
Слушам жуборење.
Водата се удира во песокот.
Шумоли, ме смирува.
Се шири мирисот на морските камења.
Вдишувам.
Ме опива со спокој.

Над големото синило се раѓа светлина.
Златен прав се истура во езерските води.
Утрото се буди.

Чинам езерото започнува танц
со сончевите зраци.
Слушам музика. Волшебна е.
Ме смирува.

**Каја Хоџиќ 6б одд. ( ментор- Татјана С.Гочкова)**

**Златен сончев сјај**

Златниот сончев сјај
се раѓа во мај,
тој доаѓа од рај.

Тој жолт блесок
прави златен песок.

Од кај планината се раѓа
кај истата и паѓа.
Но, важен е тој сјај
во споменот стои до крај.

**Леа Стојманова 6а одд. ( ментор- Татјана С.Гочкова)**

**Езерска слика**

**О, езеро мое,**
**ти, што за очиве си рај,**
**оддалеку што блескаш и сјаеш.**
**Ти, езеро го отсликуваш мојот роден крај.**

**О, езеро мое!**
**Најубаво ми е синилото твое.**
**Опојна и нежна е твојата боја,**
**со восхит те гледам**
**дури ветрот ми ја гали косава моја.**

**Понекогаш си немирно и тмурно,**
**со разиграни бранови,**
**ветровито и бурно.**

**Во мене будиш мир и спокој**
**измешани чувства разни.**
**Ми враќаш спомени безброј**
**и за тебе многу раскажани сказни.**

**Додека капките од дождот**
**врз тебе се леат,**
**жолтите растреперени лисја**
**како разиграни знаменца**
**на гранките од дрвјата се веат.**

**О, езеро мое!**
**Насликано со бои како уметничка слика.**
**Се около тебе**
**сјае и блика.**

**Антонија Гошевска 6а одд. ( ментор- Татјана С.Гочкова)**

## ОДБЕЛЕЖАН СВЕТСКИОТ ДЕН НА ВОДАТА

Нашите ученици ни испраќаат порака колку е важно да се грижиме и паметно да ја употребуваме водата. Да ги послушаме сите нивните совети и паметно да управуваме со водата.









## ДА ГО ПОБЕДИМЕ ВРСНИЧКОТО НАСИЛСТВО ЗАЕДНО

Учениците од ООУ„Кирил и Методиј" се вклучија во уште еден Еразмус+ проект: „Да го победиме врсничкото насилство заедно» (Let's Beat Bullying Together), под координаторство на психологот на Елена Темелкоска.

Овој проект има меѓународен карактер и во него учествуваат ученици од повеќе земји. Како координатор на проектот е Шведска, а партнери се Италија, Турција, Шпанија и Македонија.

Логото изработено од нашето училиште „Кирил и Методиј"е избрано за лого на проектот.

Во рамки на овој проект учениците испратија пораки за подигнување на свеста за побезбеден интернет, под мотото за 2021 година „Заедно за подобар интернет" и 24 февруари – Денот на розевата маичка, кој симболизира спротивставување на булингот меѓу младите, кое годинава е под мотото: БИДИ БЕЗБЕДЕН БИДИ ЉУБЕЗЕН, БИДИ ТИ.



# ОСВОЕНО I И III МЕСТО НА 17-ОТ РЕПУБЛИЧКИ ЛИТЕРАТУРЕН ДЕТСКИ ФЕСТИВАЛ ,,РАКАТКИ-2021,,

На 17-от Републички литературен детски фестивал ,,Ракатки-2021,, во Категорија основно образование од седмо до деветто одделение нашите ученици од ООУ „Дане Крапчев“ го освоија I и III место.

Првото место го освои ученикот Алексеј Стојановиќ од VIII-3 одделение под менторство на наставничката Елена Малинова со литературната творба: ,,За сите деца во светот“, додека ученичката Лорина Јакимовска од IX-4 одделение под менторство на наставничката Катица Стојчевска го освои третото место со литературните творби: „Мојата општина“ и „Мојот татко“.

Им честитаме на нашите ученици и се гордееме со нивниот постигнат успех.



# ВИРТУЕЛНОТО КРЕАТИВНО ДРУЖЕЊЕ НА ТЕМА “ПОЛАРЕН ВОЗ”

На иницијатива на училиштето за култура од градот Молде-Норвешка, и ОУ ,,Бранко Радичевич“-Крушевац-Србија, нашите млади креативци од ООУ ,,Вера Јоциќ“ се вклучија во виртуелното креативно дружење на тема “Поларен воз“. Во ова време на изолација, време кога престанавме да патуваме и престанаа да ни се вкрстуваат патиштата кои не водат до случајните средби, нашите ученици се качија на овој воз и на свој начин ја отсликаа прикажаната на ова време. Ова наше виртуелно патување има за цел да не поврзе сите нас едукативни инспиративно и да ја испрати пораката дека:“ДАЛЕЧИНИТЕ НЕКОГАШ ЗБЛИЖУВААТ“

# УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ КИРИЛ И МЕТОДИЈ ГО ОДБЕЛЕЖАА 21 ФЕВРУАРИ – МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА МАЈЧИНИОТ ЈАЗИК

По повод 21 февруари- Меѓународниот ден на мајчиниот јазик – литературен конкурс на темата: „Мајчиниот јазик – светлина во нашите срца“ за учениците од III-IX одделение. Издвојуваме дел од наградените творби.








Gjuha amtare – dritë e shpirtit tonë

Gjuhë amtare kurdoherë i kemi thënë,
sepse nëna që nga djepi na mësoi për të nxënë,
që me të flasim e shprehim mendime,
që nga fjalët e saj të rrjedhin shkëlqime.

Po e bukur ke qenë ti gjithmonë,
të kanë folur babai, gjyshi e stërgjyshi jonë,
amanet të kemi ne prej tyre për të të pasur përherë,
të na e bësh kombin tonë kurdo me nderë.

Autor:
Jusra Xhemaili IX3












# ХУМАНИ ПРВАЧИЊА ОД ООУ ДАНЕ КРАПЧЕВ

Инспирирани од нивните поголеми другарчиња кој минатата година изработија куќички за врапчињата, нашите мали првачиња од I -1 одделение заедно со нивната наставничка Данче Костовска – Јакимовска започнаа хумана мисија за хранење на малите врапчиња за време на зимата.

Како што велат нашите мали хумани првачиња, наставничката ни предложи, а ние со задоволство прифативме - секој ден остатоците од ужинката да им ги даваме на врапчињата. Така по големиот одмор со радост заминувавме во ЕКО градината и им остававме трошки. Потоа додаваат, дека секогаш по часовите кога наставничката не испраќа, едвај чекаме да ѕирнеме од ходникот и да видиме дали трошките се изедени. И да знаете секој ден заминуваме среќни дома. А знаете ли зошто? - Затоа што секој ден врапчињата доаѓаат по нас и ги собираат трошките. Пристигна и пролетта а нашите хумани првачиња ја продолжуваат секојдневната грижа за врапчињата кои го посетуваат училишниот двор. Наставничката ни кажа дека сме хумани ученици. Не испратија со пораката - Мали сме, но на овој начин одлично разбравме што значи да се биде хуман.

# ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ ДАНЕ КРАПЧЕВ ТРЕТА ГОДИНИ ДЕЛ ОД ПРОЕКТОТ: „И ЈАС ИМАМ ГЛАС“




Потпирајќи се на заложбите на за унапредување на правата на децата и младите потврдени со ратификацијата на Конвенцијата на ОН за правата на децата во 1993 година, Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“ - Македонија со поддршка на “Save The Children International“ – Косово и Шведската Интернационална Агенција за развој подготви пилот проект „И јас имам глас“, со цел да ја унапреди јавната свест за важноста на проактивното почитување на правата на децата како и за важноста на градењето капацитети на децата и младите за активно и одговорно граѓанство. Проектот се реализира во рамките на Регионалниот проект за создавање одговорен систем кој ќе овозможи механизми за спроведување на правата на децата. Како дел од овој проект нашето училиште Дане Крапчев учествува веќе три години. Учениците под менторство на наставниците: Марија Наневска- наставник по ликовно образование и Елена Малинова- наставник по предметот македонски јазик активно учествуваат во креативни работилници и обуки, со кои ги поттикнуваат учениците да ги почитуваат детските права, да спроведуваат иницијативи кои им се од големо значење на младите, а во месец март основните училишта „Дане Крапчев“ и „Кирил и Методиј“ станаа партнер училишта за учество во овој проект.






**УРБАНИ ЗАЕДНИЦИ**

Железара Секретар на УЗ: Тони Пешевски 076/474-257 toni.pesevski@gazibaba.gov.mk

Автокоманда и Ќерамидница Секретар на УЗ: Александар Шенков 070/234-468 aleksandar.senkov@gazibaba.gov.mk

Триангла и Јане Сандански Секретар на УЗ: Свето Нешовски 072/206-445 sveto.nesovski@gazibaba.gov.mk

Хиподром Секретар на УЗ: Христијан Тасевски 078/538-133 hristijan.tasevski@gazibaba.gov.mk ги опфаќа МЗ Питу Гули и Инџиково

Маџари 1 и Кирил Петрушевски Секретар на УЗ: Јовица Стојановски 072/206-635 jovica.stojanovski@gazibaba.gov.mk

Крсте Мисирков и Маџари 2 Секретар на УЗ: Надежда Киркова 070/790-137 nadezda.kirkovska@gazibaba.gov.mk

Стајковци Секретар на МЗ: Зоран Стојановски 072/259-380 zoran.stojanovski@gazibaba.gov.mk ги опфаќа МЗ Брњарци, Црешево, Смилковци, Булачани, Раштак, Виниче и Страчинци

Јурумлери Секретар на МЗ: Ласте Стојановски 070/257-627 laste.stojanovski@gazibaba.gov.mk ги опфаќа МЗ Трубарево – Ергеле, Гоце Делчев и Колонија

Сингелиќ

Секретар: Зурап Муртезани 072/271-640 zurap.murtezani@gazibaba.gov.mk

**Контакт општина Гази Баба**

Градоначалник: 02-3226-655

Кабинет: 02-3226-655

Претседател на Совет 02-3212-276

Сектор поддршка на градоначалник 02-3226-655

Сектор за правни и општи работи 02-3225-932

Сектор за јавни дејности 02-3226-655

Сектор за финансиски прашања 02-3226-655

Сектор за урбанизам 02-3226-655

Сектор за комунални работи 02-3226-655

Сектор за заштита на животната средина 02-3226-655

Сектор за Локален економски развој и ИТ 02-3226-655

Сектор за инспекциски работи 02-3226-655

Сектор за внатрешна ревизија 02-3226-655

ЈКП Гази Баба 02 322 4801

gradonacalnik@gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk www.gazibaba.gov.mk

| **Поважни телефони** |
|---|
| Полиција 192 |
| Противпожарна бригада 193 |
| Брза помош 194 |
| Управување со кризи 195 |
| АМСМ - помош на патишта 196 |
| Авто помош на пат (24 ч.) 9159 |
| Царина 197 |
| Будење 180 |
| Точно време 185 |
| Информации 988 |
| Воена полиција 3227 700 |
| Пазарен инспекторат 975 |
| Оџаци - оџачарски услуги 2440 293 070 236 000 |
| Водовод и канализација - дежурна служба 3073 010 |
| Комунална хигиена - дежурен диспечер 3224 961 |
| **Сообраќај** |
| Меѓуградска автобуска станица 2466 313 |
| Македонија сообраќај 2402 388 |
| Железничка станица 3234 255 |
| Аеродром Скопје 3148 333 |
| **Дежурни аптеки** |
| Зегин (МНТ-подрум) 3117 614 |

| Реплек - аптека бр.4 3130 170 |
|---|
| **Здравствени објекти** |
| Клиничка болница 3147 147 |
| Градска општа болница 3235 000 |
| Болница 8 Септември 3087 400 |
| Детска болница - Козле 3085 761 |
| Неуромедика 3130 000 |
| Стоматолошки клинички центар 3299 000 |
| Гинеколошко - акушерска клиника 3147 147 |
| Гинекологија и акушерство - Чаир 2611 033 |
| Аџибадем Систина 3099 500 |
| Клиника Жан Митрев 3091 500 |
| **Дежурни поликлиники** |
| Букурешт 3064 088 |
| Идадија 3113 033 |
| Ѓорче Петров 2031 022 |
| Бит-Пазар 3134 534 |
| Неуромедика 3133 313 |
| Јане Сандански 2463 277 |
| Драчево 2795 112 |
| Шуто Оризари 2651 696 |
| Ченто 2522 351 |

**Редакција**

Емилија Кипровска
Ана Урбан
Марко Данилоски
Елена Бошковска Крстевска
Љубиша Станковиќ

Фото: Фросина Левковска

графика: Драган Стојановски

улица Архимедова бр. 2 1000 Скопје

redakcija@gazibaba.gov.mk



**Борис Георгиевски**


@boris.georgievski

boris_georgievski

gradonacalnik@gazibaba.gov.mk

www.gazibaba.gov.mk


**Општина Гази Баба**


@opstinagazibaba

opstina_gazibaba

opstina@gazibaba.gov.mk

www.gazibaba.gov.mk